**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 09-322/5**
**Скопје, 12.05.2005 година**

**ДО**
**ВЕТЕРИНАРЕН ИНСТИТУТ- СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Ветеринарен институт- Скопје за 2004 година, кои се прикажани на страните 3 и 4. Финансиските извештаи на Ветеринарниот институт за 2004 година го опфаќаат периодот заклучно со 29.02.2004 година од кога истиот престанува да постои како правно лице и се припојува кон Факултетот за Ветеринарна медицина во Скопје во согласност со Одлуката на Владата на Република Македонија .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Ветеринарниот институт-Скопје за годините кои и предходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Георги Мицковски - Директор од 21.06.2000 до 29.02.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 02.03.2005 до 08.04.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Танка Блажевска, Помошник главен државен ревизор;
   - Лилјана Попчева, Ревизор;
   - Елена Грнарова, Ревизор;
   - Марина Величковска, Ревизор;

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на евидентираната состојба и финансиски трансакции до денот на статусната промена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации Поради настанатата статусна промена на Институтот изнесените состојби во финансиските извештаи за претходната 2003 година се некомпатибилни во однос на периодот кој е предмет на ревизија за 2004 година до 29.02.2004 година.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Ветеринарниот институт-Скопје, под 29 Февруари 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, кај Ветеринарниот институт-Скопје е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**Скопје, 11/05/2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Танка Блажевска**

**Ветеринарен институт - Скопје**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 1,133 | 7,416 |
| **Вкупно приходи** | | **1,133** | **7,416** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 1,133 | 6,719 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1,133** | **7,416** |
| **Вкупно расходи** | | **1,133** | **7,416** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **0** |

Образложенијата се составен дел кон финансиските извештаи

**Ветеринарен институт - Скопје**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 29,02,2004 | 31,12,2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1 | 500 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **500** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **500** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.2.1. | 500 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **500** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **500** | **0** |

Обрзложенијата се составен дел кон финансиските извештаи